Врз основа на Уредбата со законска сила за примена на законот за високо образование за време на вонредна состојба (сл.весник бр. 76/20 од 24.03.2020 година) и врз основа на Уредбата со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за високо образование за време на вонредна состојба (сл. весник бр. 134/20 од 22.05.2020 година), Наставничкиот совет на БАС, на вонредната 168 седница одржана на 29.05.2020 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

за проверка на знаењето на студентите на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје во јунска испитна сесија

**Член 1**

Проверката на знаењето на студентите на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје во јунската испитна сесија ќе се спроведува преку полагање на испити со физичко присуство на студентите или преку средства за електронска комуникација на БАС.

Проверката на знаењето на студентите по електронски пат ќе се спроведува во исклучителни ситуации, односно кога не е можно да се применат протоколите за полагање на испити со физичко присуство или кога се загрозува безбедноста на студентите кои треба да полагаат.

**Член 2**

Проверката на знаењето со физичко присуство на студентите ќе се одвива согласно Протоколот за утврдување и постапување на јавни и приватни високообразовни установи, односно единиците во сопственост при изведување на испитите, издадено од МОН.

**Член 3**

Полагањето на испитите и колоквиумите со примена на средствата за електронска коминикација ќе се врши под услов да се обезбедени соодветни технички решенија кои обезбедуваат идентификација и контрола на работата на студентите за време на полагањето, согласно Уредбата за примена на ЗВО за време на вонредна состојба.

**Член 4**

Предметниот наставник има можност да одбере на кој начин ќе ја спроведе постапката за проверка на знаењето на студентите во јунската испитна сесија.

**Член 5**

Секој предметен наставник согласно начинот на проверката на знаењата на студентот сноси одговорност за валидноста, текот и безбедноста на спроведување на постапката за проверка на знаењето на студентите.

Академијата се обврзува при полагањето на испитите со физичко присуство да обезбеди исполнување на сите Протоколи кои се пропишани од страна на МОН.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Заменик директор**

**Проф. д-р Лидија Стефановска**